## АНАЛИЗА НА ОБСЕ ГИ ИСТРАЖУВА ПРЕЧКИТЕ ЗА ПРАВАТА НА НОВИНАРИТЕ НА ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

Брисел, 2 мај 2007 - Општеството денес има поголем пристап до информациите од било кога до сега, но слабите закони и обвинители против медиумите ги намалуваат истражувачките способности на новинарите, рече денес во Брисел претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите, Миклош Харашти, презентирајќи ги резултатите од анализите за пристапот кој медиумите го имаат до информации, која се спроведе во 56 држави кои учествуваат во ОБСЕ.

Настанот се одржа за да се одбележи Светскиот ден на слобода на печатот, кој се слави на 3. мај.

“Изминативе десет години, голем број од земјите учеснички во ОБСЕ усвоија добри закони за балансирање меѓу правото кое јавноста го има за пристап до информации и потребите на владата за класифицирани податоци. Сепак, во многу држави ова право се нарушува кога станува збор за секојдневната битка на новинарите со тајноста”, рече Харашти.

Тој забележа дека законите за законите за слобода на информирање се поактивни во 80% од земјите учеснички во ОБСЕ, вклучувајќи ги тука и “старите демократии” како Обединетото Кралство, Швајцарија и Германија, но и “новите демократии” како Ерменија, Киргистан и Азербејџан.

“На ова гледам како придонес од Хелсиншкиот принцип на слободен проток на информации. Но, подеднакво важно за слободниот печат е што се дефинира како тајна. Оваа анализа открива дека голем број од владите ги дефинираат Државните тајни премногу широко, а со тоа кријат премногу информации кои се важни за општеството”, додаде Харашти.

Зборувајќи за кривичните закони, тој рече дека, најмалку во 29 земји учеснички во ОБСЕ, криминализацијата на “нарушување на приватноста” не е ограничена на оние кои имаат обврска да ги заштитат тајните, туку механички се шири на секој граѓанин кој имал некаква улога во предавање или објавување на класифицирани податоци. Оваа анализа набројува десетина случаи на новинари кои биле судени поради работење со доверливи податоци.

“Неприфатливо е во борбата против истекување на информации да се казнуваат новинарите кои ги добиле тие информации. Државите учеснички во ОБСЕ мораат да ги ограничат судењата само на официјални лица и да воведат задолжителен “тест на јавен интерес” и да ги обврзат судовите да ја земаат предвид вредноста на јавниот интерес кога се работи за објавување на тајни”, рече Харашти.

Речиси сите учеснички во ОБСЕ ја согледуваат важноста на законот за заштита на доверливите извори на новинарите, но само помалку од половина од нив нудат адекватна заштита од судска присила за откривање на изворот. Во методите на обвинителството спаѓаат и обвиненија за “непочитување на судот” во САД, кои се казнуваат со затвор, како и упади во уредничките простории и прислушување на комуникациите на новинарите во Европа.

Амбасадорот Бертран де Кромбруг, кој ја претставува Белгија во ОБСЕ додаде: “Претседавањето на Белгија со ОБСЕ во 2006 година го поддржа овој клучен проект за да им помогне на медиумските работници да добијат офоцијална информација без опструкции или страв од судење. Белгија ги постави медиумите во центарот на своето претседателствување, со цел да ја подигне свесноста за улогата на слободните медиуми во демократското општество”.

Оваа анализа се базира на информации добиени од владите на земјите учеснички во ОБСЕ и од податоците од теренските операции на ОБСЕ и медиумските НВО.

Резултатите се анализирани од директорот на Privacy International Дејвид Банисар и објавениот преглед ги потврдува овие наоди.

Преглед на прелиминарните резултати од анализата може да се најде на:
http://www.osce.org/documents/rfm/2007/05/24250_en.pdf

Комплетната анализа може да се најде на:
http://www.osce.org/documents/rfm/2007/05/24251_en.pdf